# омен-куќата



Хронолошки, куќата ќе биде поделена на шест делови: животен пат, музичка кариера, секојдневие, Тоше како хуманист и верник, Тоше и фановите, и Тоше засекогаш



Во Музејот ќе биде пренесена дневната соба на Тоше од неговата куќа во скопско Злокуќани, омилениот автомобил, "бубата-фолксваген" и домашното музичко студио



Куќата е со површина од 1.460 квадратни метри

# Ѕвездите на "Златна бубамара" во акција за почисти вециња



Штабот на "Златна бубамара на популарноста" организира хуманитарна акција наречена "Веце со пет ѕвезди" во која добитниците на Златна бубамара заедно со медиумите почнуваат акција за зголемување на хигиената во тоалетите во градинките, училиштата, болниците и јавните тоалети. Оваа идеја утре на средба со новинарите ќе ја соопштат првиот човек на радио "Буба Мара" Ранко Петровиќ со актерите Сашко Коцев и Кирил Поп Христов и раперот **Тони Зен**.

-Проектот нема за цел да критикува, туку да се афирмираат сите кои сакаат поголема хигиена кај најмалите и создавање здрави навики-, вели Петровиќ. ***(В.М.)***

